ПЕРФОРМАНС

# НАЈПОСЛЕ, НЕШТО ОТКАЧЕНО!

***Кога уметноста е забава но од оние покреативните...***

Во саботата вечерта, на 17 февруари во 20.30 часот, се упатив кон Салонот на ДЛУМ, на Кејот на Вардар, за да ја погледнам новата изложба. Нормално, бев поучена од повеќегодишната практика, да не очекувам ама баш ништо што е невидено. А кога таму - БУМ, БУУУМ, УАУ...!

Ечи техно музика, галеријата исполнета со мебел т.е. седечка гарнитура во вид на фотељи, на кои луѓето се раскомотиле како да се дома. Покрај нив, масичка со столна лампа, на која,



Фотографија: Драгољуб НИКОЛОВСКИ

меѓу другите предмети, се наоѓа и една чинија со шпагети. Исто како дома. Тоа е дело на мајсторката Верица Димеска, дамата по чија иницијатива настана целата изложба и којашто привремено ги вдоми во Скопје другите тројца автори. Тоа се: Рита Инез од Австрија, Данстан Лоу од Велика Британија и Хуан Хааг од Колумбија, студенти по уметност во Холандија.

Централно поставена во долниот дел од галерискиот простор, една машка фигура, облечена во црно, со лицето замаскирано исто така во црно, изведуваше перформанс. Качен на постамент, заплеткан во ленти, кои беа оптегнати меѓу двата столба, Хуан повеќе изгледаше како марионета, изложувајќи се себеси како жива скулптура. Тој визуелно го одвојуваше просторот во галеријата, како и инсталациите на Данстан Лоу и на Верица

Димеска. Од десната страна на галеријата, наспроти ќошот во кој имаше интервенирано Верица, се наоѓа неговата просторна интервенција популарно наречена инсталација. Тој употребува елементи карактеристични за македонската битова култура како: јамболлијата, ќумбето, понатаму безредно расфрланите штипки, отпадоците ставени во бело и проѕирно ќесе, тука се наоѓа и жицата за сушење алишта. Едноставно, Данстан, по краткотрајно истражување, употребил предметна структура со која луѓето го градат секојдневието, но ја извадил од оригиналниот контекст. Тој, скулптор по професија, го изградува просторот комуницирајќи со материјалот што го искористува.

Качувајќи се по скалите, може-



ме да навлеземе во растително-животинскиот свет што ни го доловува Рите Инез. Таа насекаде има поставено играчки, птици или животинчиња, кои се надополнети со фотографии од австриските шуми. Инез, чијашто преокупација е еко-средината, интервенирала и во тоалетот, претворајќи го во растителна оаза. Како дополнување на целата изложба се многу откачените слики за Наполеон и циното куче, кои се доста шарени, хумористични и фантастични. Тие се дело на рускиот уметник под псевдонимот „Електрон“ и се подарок за двете дами, кои достојно ги искористиле при своето исполнување на просторот.

За на крај, ќе кажам дека сум видела доста инсталации, меѓутоа ниедна од нив не функционирала толку успешно како гореопишаната. Тоа што ја прави поуникатна е успешната симбиоза на 4 енергии, карактери и засебни дела, кои се испреплетуваат меѓусебно, флуктуираат и оддаваат позитивни енергетски вибрации. И дури кога сето ова би било производ на што премногу е добро да се прифати какотаков.

Нада ПЕШЕВА